ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Број ________________**
**Дата 30.07.2020 година**

**Од**
**Фонд за здравствено осигурување на РСМ**

**До**
**ПЗУ аптека________________________________**

**Копија до: Фармацевтска комора на РСМ**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во процесот на фактурирање за сите издадени електронски рецепти во аптеката, за месеците мај, јуни, јули, август и септември 2020 година, спецификацијата дигитално се потпишува од страна на фармацевт – носител на дејност за работа во работната единица - аптеката преку користење на квалификуван сертификат.

Кај аптеките кои се регистрирани како аптекарски станици или подвижни аптеки, спецификацијата дигитално се потпишува од страна на фармацевт – носител на дејност за работа во аптекарска станица или фармацевт (овластен од управителот на аптеката со полномошно) кој врши надзор над работењето на фармацевтскиот техничар, преку користење на квалификуван сертификат.

Овластениот потписник на спецификацијата од соодветна работна единица може со полномошно да го пренесе правото на дигитално потпишување на спецификацијата на друго лице фармацевт (вработен во правниот субјект), под услов за истото однапред да биде известен Фондот за периодот за кој важи полномошното.

Здравствените установи – аптеки немаат обврска да ја печатат електронски потпишаната спецификација, додека пак фактурата во печатена форма и понатаму се носи во подрачната служба на Фондот, како документ врз основа на кој ќе се врши плаќањето од страна на Фондот.

Со почит,

Изработил:Ирена Барутоска
Одобрил: Ирина Луческа
Јасминка Смилевска

**ВД Директор,**
**Миле Сугарев**

**Директор/Drejtor,**
**Orhan Ramadani**

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 15-9815/1 [2020]